**Фондација за локален развој и демократија**
**ФОКУС Велес**

**Финансиски извештаи**
**за годината што завршува на 31 декември, 2016**
**и**
**Извештај на независниот ревизор**

**Содржина:**

| | |
|---|---|
| | **Page** |
| Извештај на независниот ревизор | 1-2 |
| Извештај за приходи и расходи | 3 |
| Извештај за финансиска позиција | 4 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 5 – 16 |

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До раководството на**
**Фондацијата за локален развој и демократија**
**ФОКУС Велес**

Извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи  на Фондацијата за локален развој и демократија ФОКУС Велес (во натамошниот текст: Фондација), кои се состојат од извештај за финансиската позиција  на 31 декември, 2016 година и извештај за приходите и расходите  за годината што тогаш завршува, и преглед на значајни сметководствени политики и останати објаснувачки информации.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*
Раководството е одговорно за подготовка и објективна презентација на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствената регулатива  што се применува во Република Македонија, како и за интерни контроли за кои раководството смета  дека се потребни за да овозможат подготвување на финансиски извештаи  без материјални грешки, како резултат на измами  или грешки.

*Одговорност на ревизорот*
Наша одговорност е да дадеме миислење за овие финансиски извештаи врз основ на нашата ревизија. Ние ја спроведовме ревизијата  во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија објавени во Републиката   и Законот за ревизија на Република Македонија.Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и спроведеме  ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумна сигурност  за тоа дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешни прикажувања.
Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи  ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка.При процеувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Фондацијата со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои се соодветни  на околностите, но не со цел за изразување  мислење за ефективноста на интерната контрола на Фондацијата.Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и наразумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.
Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни  за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*(Продолжува)*

Ревизија Чулева
Иван Аговски 1/2-1
1000 Скопје, Македонија
Тел: 02 3094 014
Факс: 02 3094 015
office@revizijaculeva.com.mk
www.revizijaculeva.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До раководството на**
**Фондацијата за локален развој и демократија**
**ФОКУС Велес**
**(Продолжува)**

*Мислење*
Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската позиција на Фондацијата за локален развој и демократија ФОКУС Велес на 31 декември, 2016 година, како и финансискиот резултат за периодот што тогаш завршува, во согласност со сметководствената регулатива што се применува во Република Македонија, Законот за сметководство на непрофитните организации и Правилникот за непрофитни организации.

Исто така, потврдуваме дека Финансискиот извештај и Прегледот на документи за поддршка на Финансискиот извештај поднесени до CIVIKA Mobilitas (проект финансиран од Швајцарската Конфедерација) се во согласност со Договорот за институционален грант склучен со Македонскиот центар за меѓународна соработка, како имплементатор на Проектот за поддршка на граѓанско општество–Проект CIVIKA Mobilitas, како и во согласност со документот-Финансиска ревизија и Документи за поддршка на финансискиот извештај

*Обрнување на внимание*
Фондацијата ги води и подготвува своите финансиски извештаи врз основ на модифицирано евидентирање на деловните промени и трансакции, во согласност со Законот за сметководство на не-профитните организации на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/03 со измените направени заклучно со бр.17/11) и Правилникот за не-профитни организации ("Службен весник на Република Македонија" бр.42/03 со измените заклучно со бр. 175/11.) Според одредбите на овој Закон, Фондацијата е обврзана да подготви и поднесе основни финансиски извештаи, што се состојат од Извештај за финансиска позиција, Извештај за приходи и расходи и белешки кон финансиските извештаи. Согласно наведеното, Фондацијата нема обврска да подготвува Извештај за готовинските текови.

**ТП РЕВИЗИЈА ЧУЛЕВА-Скопје**

**Соња Чулева**, Управител

**Соња Чулева**, *Овластен ревизор*

ТП Ревизија Чулева Соња Митко Чулева Скопје

Скопје, 17 март,2017

Sonja Chuleva

Digitally signed by Sonja Chuleva
DN: o=TP Revizija Chuleva, c=MK, email=sonja.culeva@revizijaculeva.com.mk, sn=Chuleva, givenName=Sonja, cn=Sonja Chuleva
Date: 2017.03.17 14:34:04 +01'00'

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**
**За годината што завршува на 31 декември, 2016**
**(Во Денари)**

| | Белешка | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од донации / проекти | 4 | 2,950,939 | 2,847,620 |
| Други приходи | 5 | 178,869 | 151,913 |
| Пренесен дел на вишок на приходи од претходни години | | 9,398 | 182,282 |
| | | **3,139,206** | **3,181,815** |
| **Трошоци** | | | |
| Материјални трошоци, услуги и амортизација | 6 | (866,015) | (1,064,885) |
| Трошоци за вработените и ангажирани експерти | 7 | (2,032,788) | (1,771,589) |
| Капитални расходи | 8 | (85,063) | (276,664) |
| Останати оперативни трошоци | 9 | (48,049) | (55,125) |
| Финансиски приходи/(расходи)-нето | 10 | (729) | (4,129) |
| | | **(3,032,644)** | **(3,172,392)** |
| **Остварени приходи над расходи за годината** | | **106,562** | **9,423** |
| **Данок на добивка** | | (2,623) | (25) |
| **Остварен вишок на приходи над расходи за пренос во наредна година** | | **103,939** | **9,398** |

*Придружните белешки на следните страни претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.*

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од раководството на Фондацијата на 28 февруари, 2017 година.

Извршен директор,
**Убавка Јаневска**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА ПОЗИЦИЈА**
**На 31 декември, 2016**
**(Во Денари)**

| | Белешки | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Не-тековни средства** | | | |
| Опрема, мебел и возила-нето | 11 | **422,136** | **479,038** |
| **Тековни средства** | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 12 | 314,252 | 78,115 |
| Останати краткорочни побарувања | 13 | 1,224 | 77,521 |
| **Вкупно тековни средства** | | **315,476** | **155,636** |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА** | | **737,612** | **634,674** |
| **ФОНДОВИ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Фондови** | | | |
| Деловен фонд | 14 | 294,521 | 282,514 |
| Остварени приходи над расходи | 14 | 103,939 | 9,398 |
| Резервен фонд | 14 | 335,804 | 335,804 |
| **Вкупно фондови** | | **734,264** | **627,716** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Останати обврски | 15 | 3,348 | 6,958 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **3,348** | **6,958** |
| **ВКУПНО ФОНДОВИ И ОБВРСКИ** | | **737,612** | **634,674** |

*Придружните белешки на следните страни*
*претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.*

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2016**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Фондацијата за локален развој и демократија ФОКУС Велес (“Фондација”) е формирана на 19.10.2006 година, во согласност со Законот за здруженија и фондации (“Службен весник на Република Македонија” бр. 52/2010, 135/2011) со кој е заменет Законот за здруженија на граѓаните и фондациите (“Службен весник на Република Македонија”бр. 31/1998 и 29/2007.) Фондацијата изврши усогласување на своите акти со новиот Закон и се регистрира во Централниот Регистар на РМ, и е запишана во Регистерот на здруженија и фондации под ЕМБС број: 6156568.

***Седиште на Фондацијата***
Ул.Солунска бр.2А Велес.

***Основна активниост на Фондацијата***
94.99-Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место.

***Основачи на Фондацијата***
-Убавка Јаневска,Велес
-Димче Велев, Велес
-Веса Шкартова, Велес и
-Максим Ацевски, Велес

***Главни и приоритетни цели на Фондацијата***
- Развој и поддршки на практики за добро управување;
- Зголемување на учеството на граѓаните во процеси на одлучување и развој на Заедницата;
- Поттикнување на транспарентност и одговорно управување во општините и јавните институции;
- Анализирање на актуелните состојби и следење на развојните процеси и објавување дедуктивно-информативни материјали;
- Организирање трибини, дебати, форуми работилници и јавни расправи по актуелни прашања во заедницата.
- Останати активности со цел остварување на целите на Фондацијата, усогласеност со законската легислатива,Статутот и останатите акти на Фондацијата.

***Управен одбор***
- Виолета Малчева - претседател
- Јордан Бајрактаров, член
- Пенчо Јаневски, член
- Јадранка Стевкова, член
- Марта Страчкова Бузалковска, член

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2016**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

*Реализирани проекти во 2016 /2015 година*

- **Институционална поддршка од програмата Civica Mobilitas**, донатор МЦМС, во висина од 1.147.408,00 денари за 2016 година.Ова е институционален грант со кој се поддржува годишната програма на Фондација Фокус која треба да се реализира според Акцискиот план во 2016 година.
- **Економско зајакнување на жените од Вардаркиот регион**“ со вкупен износ од 1.098.044,00 денари за 2016 година, донатор ИРД, Словенија. Проектот се реализираше во временски интервал од јуни 2014 - септември 2016. Проектот има за цел подобрување на социекономската положба на жените преку развивање на нивните капацитети и потенцијали во доменот на креативната работа и зголемување на нивната свест за искористување на тие вештини во претприемачки практики и цели, отворање и опремување на Регионален креативен центар со седиште во Велес, за одвивање на сите активности, работилници и обуки предвидени со Програмата за економско зајакнување. Работилници за развој на креативни вештини. Обуки на тема, маркетинг промоција изработка на бизнисплан. Тренинг сесии (во областите на маркетинг и промоција) за креирање на таканаречини АГЕНТИ ЗА ПРОДАЖБА кои на терен ќе ги нудат, презентираат и продаваат рачно иразботените предмети од жените. Сите креативни работи кои ќе произлезат од работилниците, ќе бидат соодветно промовирани на веб страна посебно креирана за проектот и на три изложбени базари.
- Проект на УСАИД „**Пристап на микропретпријатијата до јавните набавки**“, донатор Центар за граѓански комуникации, вкупен износ во 2016 година 694.627,00 денари и од поврат на ДДВ 10.068,00 денари. Проектот се реализира од април 2012 до март 2017.Целта на Проектот е да го олесни пристапот на малите и микропретпријатијата до пазарот на јавни набавки, придонесувајќи за нивен одржлив развој и подобро искористување на нивните потенцијали за создавање на работни места, раст и иновации. Од друга страна на договорните органи проектот треба да им овозможи постигнување пониски цени и повисок квалитет во јавните набавки. Во рамки на проектот се формирани два регионални центри кои опслужуваат повеќе од 300 мали и микропретпријатија на кои што им се обезбедуваат бесплатни обуки, секојдневна асистенција и стручни консултации. Договорните органи од опфатените региони, пак, се вклучени во низа активности насочени кон имплементација на конкретни мерки за олеснување на пристапот на малите и микропретпријатија во јавните набавки, во согласност со препораките на Европската комисија во оваа насока.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2016**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

***Реализирани проекти во 2016 /2015 година***

- **Центар на МОФ, Велес**, донатор Младински Образовен Форум. Во рамките на овој проект во Велес успешно фунционира дебатен клуб кој брои повеќе од 25 дебатери, чија цел е развивање на свеста и вештините кај младите за критичко размислување и афирмирање на аргументираната дискусија на одредени тези.Исто така во Велес постои Учиме право клуб чија цел е зголемување на економската, политичката и правната писменост и за европските интеграции, како и знаењата за правниот систем и владеењето на правото.Клубот брои повеќе од 15 членови од средните училишта во градот, она што може да се издвои во изминатиот период е посетата на Основен суд Велес и посетата на општина Велес.
- **Кампања „Ние одлучуваме “**, донатор ФООМ во износ од 85.496,00 денари. Проектот беше реализиран во октомври-декември 2016. Претставува граѓанската акција има за цел да ги зајакне демократските капацитети во општеството преку директен пристап и дискусија со граѓаните. Акцијата следува после договорот за разрешување на политичката криза од Пржино, а претходи на предизборниот период кој се очекува да се случи во април 2016 година. Граѓанскиот ангажман во овој период на демократско пасивизирање на општеството е неопходен за да се врати довербата меѓу жителите на градовите и селата во државата.
- **Политика на конкуренција-правна и органзиациона рамка на дејствување на Комисијата за заштита на конкуренцијата на подрачјето на општина Велес**, донатор МЦЕО, 30.800,00 денари. Парите на сметката на Фокус се префрлени во декември 2015, а се трошени во 2016 година. Реализиран од декември 2015 до јули 2016.
- Фондацијата Фокус во 2015 година спроведе анализа и истражување и го изработи Водичот за улогата на Комисијата за заштита на конкуренција и постапка за заштита на конкуренцијата. Истиот има за цел да го појасни правниот механизам за заштита од нелојалната конкуренција, да ја појасни улогата на Комисијата за заштита на конкуренцијата, да ги упати физичките и правните лица кои сакат да ги заштитат своите права на кој начин да ги заштитат своите права во согласност со прописите во управна, прекршочна и/или судска постапка
- **Коалиција за буџетски мониторинг** , донатор ЦЕА и ФОРУМ-ЦСИД во висина од 195.000, 00 денари за 2015 година. Проектот траеше од јули 2014-јули 2015 година.Во рамки на проектот беше направен мониторинг на буџетите на локалните самоуправи во вардарски плански регион во текот на една година. За подобро осознавање на состојбата беа правени интервјуа со советници, граѓани и вработени во локланите самоуправи.

***Извршен директор***

Извршен директор на Фондацијата е Убавка Јаневска од Велес.

На 31 декември 2016 година, Фондацијата има 7 вработени (2015: 2 вработени )

.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2016**

## 2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ФИНАНСИОСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 2.1 Основи за подготовка

Финансиските извештаи на Фондацијата се подготвени во согласност со Законот за сметководство на непрофитните организации на Република Македонија, со цел да обезбедат вистинско и објективно презентирање на позициите во билансот на состојба, салдата на средства, обврски, извори на средства, приходи и расходи и резултати од оперативното работење.
Финансиските извештаи на Здружението се пдготвени во согласностст со законската регулатива на Република Македонија апликативна за работењето на непрофитните организации, Законот за сметководство на непрофитните организации во Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.24/03 со пратечките измени објавени заклучно со бр. 17/11) и Правилникот за не-профитни организации (“Службен весник на Република Македонија” бр. 42/03 со измените објавени во бр. 175/11.)

Финансиските извештаи на Здружението се искажани во Македонски Денари (“МКД”). Сите износи во финансиските извештаи и прдружните белешки се искажани во Денари, освен доколку не е поинаку кажано.

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Сметководствените политики применети во подготовката на овие финансиски извештаи се прикажани во натамошниот текст на овој извештај.Здружението задолжително ги применува овие политики на конзистентна основа.

### 3.1 Признавање на приходите и расходите

Признавањето на приходите и расходите е утврдено со член 13 од Законот за сметководство на непрофитни организации ("Службен весник на Република Македонија” бр. 24/03, 80/05, 17/11) и член 18 од Правилникот за непрофитни организации (“Службен весник на Република Македонија” бр.42/03, 11/06, 08/09, 11/09 и 175/11) според кое признавањето на приходите и расходите се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции.Тоа значи дека приходите и расходите се признаваат во пресметковниот период во кој настанале, според критериумот на мерливост и расположивост. Приходите и расходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите и расходите се расположиви кога се остварени (наплатени / платени) во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов да се однесуваат на пресметковниот период и да служат како покритие на побарувањата/обврските во тој пресметковен период. Признавањето се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции.

***Останати приходи (Приходи од давање на услуги)***
Приходот од давање на услуги се признава за време на периодот во кој корисниците платиле за добиените услуги.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2016**

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 3.2 Трансакции во странски валути

Трансакциите деноминирани во странски валути се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Македонија, кои важат на денот на трансакцијата.
Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажуваат со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составување на Билансот на финансиска позиција.

Нето износот на позитивните и негативните курсни разлики се искажуваат во Извештајот за приходи и расходи во периодот кога настанале.

### 3.3 Оданочување

Во согласност со одредбите на Законот за данок на добивка, не-профитните организации се изземени од плаќање данок на приходите генерирани од добиени членарини, спонзорства и донации, кои се добиени и се наменети за остварување на однапред утврдени цели, освен приходи остварени од продажба на добра и услуги.

Тековен данок на добивка се плаќа само на непризнати расходи.Стапката на данок на добивка за 2016 година е 10%.

### 3.4 Опрема и софтвер

Опремата и софтверот, доколку ги има, се евидентираат по набавна вредност.Набавната вредност се состои од фактурна вредност големена за износот на царини, транспорт , шпедиција, осигурување и тн, односно од трошоци кои директно се однесуваат на набавната вредност на односното средство. Вредноста на средството во моментот на набавка се евидентира како трошок во Билансот на приходи и расходи (ако се купени со сопствени средства) и како зголемување на Деловниот фонд.
Материјалните и нематеријалните средства се депрецираат со праволиниски стапки, во еднакви месечни износи кои одговараат на употребниот век на користење на средството.Износот на амортизацијата за донираните средстав се евидентира преку намалување на Деловниот фонд.

Годишни стапки на депрецијација:

| | |
|---|---|
| Опрема | 10%-20% |
| Мебел | 16% |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2016**

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 3.5 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од пари во банка и пари во благајна.

Парите во благајна и парите на банкарски сметки во Денари, се водат по номинална вредност, а парите во странска валута се претвораат во денари според според курсот кој важи на денот на трансакцијата утврден од страна на Народна Банка на Република Македонија на денот на известување.

### 3.6 Обврски кон добавувачи и други обврски

Обврските кон добавувачи и другите обврски се водат според нивната објективна вредност на денот на нивното инизијално признавање, а потоа се мерат според амортизираните трошоци.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2016**

## 4. ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ /ПРОЕКТИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | На 31 декември, | |
| | **2016** | **2015** |
| **Приходи од донации од продажни места** | **5,443** | **3,276** |
| **Приходи од донации од физички лица** | **5,417** | - |
| **Приходи од грантови (проекти)** | | |
| -Проект на ЦГК за микропретпријатија | 694,627 | 901,734 |
| -Коалиција за буџетски мониторинг на ЦЕА и ФОРУМ | - | 195,000 |
| -Иницијатива –политика на конкуренција на МЦЕО | - | 30,800 |
| -Проект на ИРД ГЛОБАЛ Словенија за жени | 1,098,044 | 1,716,810 |
| -Проект МЦМС | 1,147,408 | - |
| | **2,940,079** | **2,844,344** |
| | **2,950,939** | **2,847,620** |

## 5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | На 31 декември, | |
| | **2016** | **2015** |
| Приходи од дадени услуги -здруженија | 168,738 | 106,073 |
| Приходи од наем и други приходи од здруженија | 10,068 | 12,770 |
| Приходи од надомест на штети | 63 | 33,070 |
| | **178,869** | **151,913** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2016**

## 6. МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | **На 31 декември,** | |
| | **2016** | **2015** |
| Потрошени канцелариски материјали | 126,142 | 266,360 |
| Потрошена енергија (струја и гориво) | 114,560 | 177,046 |
| Трошоци за одржување | 1,250 | 7,502 |
| Вода и комуналии | 8,786 | - |
| Трошоци за други услуги | 12,620 | 26,211 |
| Наемнини | 200,234 | 255,754 |
| Телефонија, пошта | 276,975 | 238,620 |
| Реклама и репрезентација | 23,400 | 16,909 |
| Амортизација на основни средства | 68,908 | 23,452 |
| Трошоци за други услуги | 33,140 | 53,031 |
| | **866,015** | **1,064,885** |

## 7. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ И АНГАЖИРАНИ ЕКСПЕРТИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | **На 31 декември,** | |
| | **2016** | **2015** |
| Бруто плати | 1,425,146 | 1,038,749 |
| Дневници за службени патувања | 9,664 | 7,001 |
| Надоместоци за ангажман на експерти и хонорари | 597,978 | 725,839 |
| | **2,032,788** | **1,771,589** |

## 8. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | **На 31 декември,** | |
| | **2016** | **2015** |
| Набавка на опрема и други основни средства | 85,063 | 276,664 |
| | **85,063** | **276,664** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2016**

## 9. ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | На 31 декември, | |
| | 2016 | 2015 |
| Банкарски трошоци (провизии за платен промет) | 26,307 | 31,252 |
| Трошоци за осигурување | 10,745 | 12,376 |
| Административни и други такси | 3,849 | 1,969 |
| Останати трошоци | 7,148 | 9,528 |
| | **48,049** | **55,125** |

## 10. ФИНАНСИСКИ ( РАСХОДИ)/ПРИХОДИ-нето

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | На 31 декември, | |
| | 2016 | 2015 |
| Трошоци за камати | (92) | (3,552) |
| Трошоци за курсни разлики | (667) | (717) |
| Приходи од камати | 30 | 72 |
| Приходи од курсни разлики | - | 68 |
| | **(729)** | **(4,129)** |

## 11. ОПРЕМА, МЕБЕЛ И ВОЗИЛА

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | На 31 декември, | |
| | 2016 | 2015 |
| Почетна состојба (книговодствена вредност) на 1.1. | 479,038 | 194,312 |
| Нови набавки | 85,063 | 276,664 |
| Отпис (расходување) на набавна вредност | (73,057) | (48,258) |
| Тековна амортизација | (68,908) | (23,452) |
| Намалување на акумулирана амортизација како ефект од Отпис/расходовање | - | 79,772 |
| | **422,136** | **479,038** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2016**

## 12. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | На 31 декември, | |
| | **2016** | **2015** |
| Пари во банки - Денари | 312,125 | 77,936 |
| Девизна сметка | - | 7 |
| Издвоени средства | 2,127 | 172 |
| | **314,252** | **78,115** |

## 13. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | На 31 декември, | |
| | **2016** | **2015** |
| Побарувања од клиенти | 500 | - |
| Побарувања за платени аванси | | 22,181 |
| Останати побарувања | 724 | - |
| АВР | - | 55,340 |
| | **1,224** | **77,521** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2016**

## 14. ДЕЛОВЕН ФОНД & ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ И РЕЗЕРВЕН ФОНД

| | Деловен фонд | Вишок на приходи над расходи | Резервен фонд | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **На 1 јануари,2016 година** | **282,514** | **9,398** | **335,804** | **627,716** |
| Зголемување - нето | 80,915 | - | - | **80,915** |
| Тековна амортизација | (68,908) | - | - | **(68,908)** |
| Ефект од зголемување на приходи над расходи | - | 94,541 | - | **94,541** |
| **На 31 декември, 2016** | **294,521** | **103,939** | **335,804** | **734,264** |
| **На 31 декември, 2015** | **282,514** | **9,398** | **335,804** | **627,716** |

## 15. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | На 31 декември, | |
| | **2016** | **2015** |
| Обврски кон добавувачи | 726 | - |
| Обврски за примени краткорочни депозити | 2,622 | 25 |
| Даноци за плати | - | 6,933 |
| | **3,348** | **6,958** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2016**

## 16. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви употребени за деноминација на 31 декември 2015 година се следни:

| | 31 декември, 2016 | 31 декември, 2015 |
|---|---|---|
| EUR | 61,4812 | 61,5947 |
| USD | 58,3258 | 56,9583 |